# „О, Билал, кажи ми за делото што најмногу ти влева надеж во исламот,

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, му рекол на Билал за време на сабахскиот намаз: „О, Билал, кажи ми за делото што најмногу ти влева надеж во исламот, затоа што го слушнав звукот на твоите чекори пред мене во Џенетот.“ Билал рекол: „Не сум направил дело што повеќе ми влева надеж, освен тоа што секогаш кога ќе земев абдест во кое било време – дење или ноќе – клањав со тој абдест онолку нафиле колку што ми беше одредено.“
[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, во сон го видел Џенетот, па му рекол на Билал бин Рабах: „Кажи ми за делото што најмногу ти влева надеж од доброволните дела што си ги направил во исламот? Зашто го слушнав лесниот звук на твоите чекори како одат пред мене во Џенетот.“ Билал одговорил: „Не сум направил дело што повеќе ми влева надеж, освен тоа што секојпат кога ќе изгубев абдест – било дење или ноќе – повторно земав абдест и клањав со него нафиле, онолку колку што ми беше пропишано.“